РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 02-361/5
15.04 2026 год.
РОСОМАН

# З А К Л У Ч О К

Комисијата за селекција на ден 15.04.2026 година, откако ги разгледа поднесените пријави и целокупната документација во прилог на истите ја констатира следната состојба :

Јавениот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие за комунални дејности "Росоман" - Росоман бр.01/26, објавен на ден 30.03.2026 година, **потребно е да се објави повторно.**

Образложение:

Од извршениот увид во поднесените пријави и документацијата во прилог, воочено е дека кандидатите во овој состав не може да бидат дадени како предлог од страна на Комисијата кон основачот заради формирање на Надзорен одбор на ЈПКД Росоман заради неисполнетост во целост на членот 17 од Законот за јавни претпријатија.

Имено, за член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. е државјанин на Република Северна Македонија,
2. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
3. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
4. членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

   4.1 еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,

   4.2 еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и

   4.3 еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Од пријавените кандидати еден е со бараниот образовен профил, но без минимумот на работно искуство.

Останатите двајца кандидати го исполнуваат условот за бараното работно искуство и степенот на високо образование, но ниту еден од нив не е од предвидениот образовен профил.

**Од се погоре наведено, предлагаме на основачот да донесе Одлука за распишување на повторен јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Надзорен одбор на ЈПКД Росоман - Росоман.**

**КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА**

**Претседател Митко Пешов** ______________________

**Член Анастасија Петровска** ______________________

**Член Александра Спасова** ______________________